# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-1125

Четврток, 26 април 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 24 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 4 динари — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристика бр 1 Пошт фах 226 — Телефони централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756


**337.**

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СЕЗОНСКИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се одредуваат следните сезонски гранични премини за меѓународен поморски сообраќај: Изола, Новиград, Опатија, Раб, Примоштен, Котор, Тиват, Будва и Улцињ и сезонскиот граничен премин за меѓународен воздушен сообраќај Мостар.

2 Граничните премини од точка 1 на ова решение се одредуваат за преминување на државната граница од 1 мај до 31 октомври 1973 година, освен граничниот премин Изола, кој се одредува за преминување на државната граница од денот на влегувањето во сила на ова решение до 15 ноември 1973 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 139
18 април 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**338.**

Врз основа на член 59 став 5 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕТО НА ПАУШАЛНИОТ НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОПРАВКА НА МОТОРНО ВОЗИЛО, ЗА РОКОТ НА ТРАЕЊЕТО И ЗА ОБЕМОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО НА ВОЗИЛОТО

Член 1

Височината на паушалниот надоместок на име на трошоците за поправка на моторно возило (во натамошниот текст: паушалниот надоместок) што му припаѓа на воениот инвалид од член 59 став 1 на Законот за воените инвалиди (во натамошниот текст: Законот), за моторно возило зафатнина до 1.000 $cm^3$, се одредува врз основа на член 59 став 3 на Законот, во постојан месечен износ, зависно од годината на употребата на возилото, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| 1) за првата година на употреба на возилото | 100 |
| 2) за втората година на употреба на возилото | 120 |
| 3) за третата година на употреба на возилото | 150 |
| 4) за четвртата година на употреба на возилото | 180 |
| 5) за петтата година на употреба на возилото | 220 |
| 6) за шестата година на употреба на возилото | 260 |
| 7) за секоја натамошна година на употреба на возилото | 300 |

Член 2

Надоместокот на трошоците за осигурување на моторното возило што му припаѓа на воениот инвалид од член 59 став 1 на Законот се исплатува во износот одреден со тарифата на премиите на соодветниот завод за осигурување на патничко моторно возило Застава 750 $cm^3$.

Износот на осигурувањето на моторното возило од став 1 на овој член од одговорност за штета причинета на трети лица во смисла на член 23 од Законот за задолжително осигурување на имот и лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), влегува во трошоците за осигурување утврдени според став 1 на овој член.

Член 3

Рокот на траењето на моторното возило од член 1 на овој правилник е пет години.

По исклучок, моторно возило воен инвалид може да добие и пред истекот на рокот на траењето од став 1 на овој член само ако тоа е дотраено, или ако поради оштетување станало неупотребливо.

За дотраеноста на моторното возило пред истекот на пропишаниот рок на траење, одлучува комисија која, по потреба, ја формира надлежниот општински орган на управата.

Член 4

Паушалниот надоместок, надоместокот на трошоците за осигурување од член 2 на овој правилник и надоместокот на износот што на воените инвалиди им припаѓа според член 60 став 1 на Законот, ги исплатува надлежниот општински орган на управата што ги исплатува другите парични примања според Законот.

Член 5

Паушалниот надоместок се исплатува однапред полугодишно, и тоа: во јануари и јули секоја година. Надоместокот на трошоците за осигурување се исплатува за секоја година при регистрацијата на моторното возило.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за определување на височината и начинот на исплатувањето на надоместоците на воените инвалиди од

војните на име трошоци за поправка и трошоци за осигурување на патнички моторни возила („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/65).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 7-1903/73
4 април 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална политика,
**Абдурахим Жури,** с. р.

---

**339.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72), во спогодба со сојузниот секретар за сообраќај и врски, сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА БЕСПЛАТНО И ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941“

Член 1

Носителите на „Партизанска споменица 1941“ (во натамошниот текст: носителите на споменица) правото на бесплатно и повластено возење го користат на начин пропишан со овој правилник.

Член 2

Носителите на споменицата при користењето на повластеното возење со железница или брод имаат право на класа што самите ќе ја изберат.

Член 3

Носителите на споменицата правото на бесплатно и повластено возење го користат врз основа на легитимација за бесплатно и повластено возење (во натамошниот текст: легитимација).

Образецот на легитимацијата е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел. Образецот на легитимацијата се печати како службено издание на Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Член 4

Легитимацијата ја издава Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика по службена должност.

Член 5

Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика води евиденција за легитимациите издадени на носителите на споменицата.

Евиденцијата за издадените легитимации се води во вид на регистар, во кој се внесуваат следните податоци: број на легитимацијата, кому и кога е издадена легитимација, број на „Партизанска споменица 1941“ и број на книшката за „Партизанска споменица 1941“.

Член 6

Легитимацијата важи пет години од денот на издавањето и нејзиното важење не се заверува за одделни години.

Талоните на легитимацијата важат за секоја година посебно. Преку првата страна на талонот е повлечена широка коса линија во боја различна за секоја година.

Легитимацијата, по правило, се издава во декември тековната година за наредните пет години.

Член 7

Ако носителот на споменицата ја загуби легитимацијата, Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика ќе му издаде нова легитимација, врз основа на доказ дека загубената легитимација е огласена за неважечка во „Службен лист на СФРЈ“.

Нова легитимација се издава и кога порано издадената легитимација ќе дотрае или ќе стане неупотреблива. Порано издадената легитимација се одзема.

Член 8

Ако носителот на споменицата умре, легитимацијата му се враќа на Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика, а ако семејството или поблиските роднини на умрениот или лицето што го закопало носителот на споменицата тоа не го стори во рок од 30 дена Секретаријатот легитимацијата ќе ја огласи за неважечка.

Член 9

Обрасците на легитимацијата што биле во употреба до денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се употребуваат до издавањето на новиот образец на легитимацијата.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 7-1905/73
4 април 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална политика,
**Абдурахим Жури,** с. р.

(Прва страна на талонот на легитимацијата)

---

ВАЖИ ЗА 19—— ГОДИНА
СОЈУЗЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број на списокот
на корисникот —————— Број ——————

ЛЕГИТИМАЦИЈА

за бесплатно и повластено возење на носителите на „Партизанска споменица 1941“

Корисник ——————————————
(важи со лична карта)

---

(М.П.)

Сојузен секретар,
——————

Забелешки:

1. Според одредбите на член 20 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“ (Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72),

на носителот на споменицата му припаѓа, на средствата на јавниот сообраќај, правото на:

1) едно бесплатно патување годишно со железница (I класа), со брод (I класа), со автобус или авион (II класа);

2) четири патувања годишно со железница, со брод или со автобус, со повластица од 75% од редовната возна цена;

3) две патувања годишно со авион со повластица од 50% од редовната возна цена.

2. Како едно патување се подразбира одењето од појдовното до упатното место (возење во заминување) и враќање од упатното во појдовното место или во некое друго место (возење во враќање), со употреба на едно или повеќе превозни средства.

3. Дупликат на загубената легитимација се издава ако претходно е огласена за неважечка во „Службен лист на СФРЈ“.

4. Повластицата може да се користи само во годината за која важи.

(Преку втората и третата внатрешна страна на талонот)

| Повластица од 75% | | |
|---|---|---|
| од ——— до ——— | | |
| преку ——— | | |
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |
| од ——— до ——— | | |
| преку ——— | | |
| 2 | 2 | 2 |
| Железница | Брод | Автобус |

(Прва половина од четвртата страна на талонот)

| Бесплатна карта | | | |
|---|---|---|---|
| од ——— до ——— | | | |
| преку ——— | | | |
| 1 | 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус | Авион |
| од ——— до ——— | | | |
| преку ——— | | | |
| 2 | 2 | 2 | 2 |
| Железница | Брод | Автобус | Авион |

(Втора половина од четвртата страна на талонот)

| Повластица од 50% за авион | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| Од ............ | Од ............ |
| До ............ | До ............ |
| Бр. на картата: | Бр. на картата: |
| 3 | 4 |
| Од ............ | Од ............ |
| До ............ | До ............ |
| Бр. на картата: | Бр. на картата: |

**340.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72), во спогодба со сојузниот секретар за сообраќај и врски, сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА БЕСПЛАТНО И ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ НА ЛИЦАТА ОДЛИКУВАНИ СО ОРДЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ

Член 1

Лицата одликувани со Орден на народен херој (во натамошниот текст: народниот херој) правото на бесплатно и повластено возење го користат на начин пропишан со овој правилник.

Член 2

При користењето на повластеното возење со железница или брод народните херои имаат право на класа што самите ќе ја изберат.

Член 3

Правото на бесплатно возење народните херои го користат врз основа на легитимацијата за бесплатно возење (во натамошниот текст: легитимацијата), а повластеното возење го користат врз основа на Орденската книшка на народен херој.

Образецот на легитимацијата е отпечатен уз овој правилник и е негов составен дел. Образецот на легитимацијата се печати како службено издание на Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Член 4

Легитимацијата им ја издава на народните херои Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика по службена должност.

Член 5

Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика води евиденција за легитимациите издадени на народните херои.

Евиденцијата за издадените легитимации се води во вид на регистар, во кој се внесуваат следните податоци: број на легитимацијата, кому и кога му е издадена легитимацијата и број на указот со кој корисникот на легитимацијата е прогласен за народен херој.

Член 6

Легитимацијата важи пет години од денот на издавањето и нејзино о важ[illegible]њ[illegible] н[illegible] одделни години.

Легитимацијата, по правило, се издава во декември тековната година за наредните пет години.

Член 7

Ако народниот херој ја загуби, легитимацијата Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика ќе му издаде нова легитимација врз основа на доказ дека загубената легитимација е огласена за неважечка во „Службен лист на СФРЈ".

Нова легитимација се издава и кога порано издадената легитимација е дотраена или станала неупотреблива. Порано издадената легитимација се одзема.

Член 8

Ако народниот херој умре, легитимацијата му се враќа на Сојузниот секретаријат за труд и социјална по[illegible]итика, [illegible] семе[illegible]с[illegible]в[illegible] [illegible]б[illegible]с[illegible]те роднини на умрениот тоа не го сторат во рок од 30 дена, Секретаријатот легитимацијата ќе ја огласи за неважечка.

Член 9

Обрасците на легитимацијата што биле во употреба до влегувањето во сила на овој правилник, ќе се употребуваат до издавањето на нов образец на легитимацијата.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1906/73
4 април 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална политика,
**Абдурахим Жури**, с. р.

(Прва страна на ко[illegible]иците)

(Грб на СФРЈ)

ЛЕГИТИМАЦИЈА
за бесплатно возење на носителите на Орден на народен херој

(Втора страна на кориците)

Фотографија 4 x 6 cm

____________________
(потпис на корисникот)

(Прва внатрешна страна)

(На ова место се запишуваат евентуални забелешки и исправки)

(Преку втората и третата внатрешна страна)

СОЈУЗЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број на орденската книшка ________ Број ________

ЛЕГИТИМАЦИЈА
за бесплатно возење на носителите на Орден на народен херој

____________________
(име, татково име и презиме)

Место на живеалиштето ____________
Во __________ 197__ год.

(М.П.)

Сојузен секретар.

(Четврта и петта страна на легитимацијата)

Забелешки:

Според одредбите на член 15 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), на народниот херој му припаѓа, на средствата на јавниот сообраќај, правото на:

1) две бесплатни патувања годишно со железница (I класа), брод (I класа) и автобус;

2) две бесплатни патувања годишно со авион;

3) неограничен број патувања со железница, брод, автобус и авион со повластица од 75% од редовната возна цена.

(Страна шеста)

Карта за бесплатно возење во 19__ година

заминување

од ________ до ________
преку ____________

| Железница | Брод | Автобус |
|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 |

(Страна седма)

Карта за бесплатно возење во 19__ година

враќање

од ________ до ________
преку ____________

| Железница | Брод | Автобус |
|---|---|---|
| 2 | 2 | 2 |

(Страна десетта и единаесетта)

| Бесплатна карта за авион за 19—— година | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| од ........................<br>до ........................<br>Бр. на картата: | од ........................<br>до ........................<br>Бр. на картата: |
| 3 | 4 |
| од ........................<br>до ........................<br>Бр. на картата: | од ........................<br>до ........................<br>Бр. на картата: |

341.

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), во спогодба со сојузниот секретар за сообраќај и врски, сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА БЕСПЛАТНО И ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ НА БОРЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА И РЕВОЛУЦИОНЕРНА ВОЈНА ОД 1936 ДО 1939 ГОДИНА

Член 1

Борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година (во натамошниот текст: шпанските борци), правото на бесплатно и повластено возење го користат на начинот пропишан со овој правилник.

Член 2

Шпанските борци при користењето на повластено возење со железница или брод имаат право на класа што самите ќе ја изберат.

Член 3

Правото на бесплатно и повластено возење шпанските борци го користат врз основа на легитимација за бесплатно и повластено возење (во натамошниот текст: легитимацијата).

Образецот на легитимацијата е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел. Образецот на легитимацијата се печати како службено издание на Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Член 4

Легитимацијата на шпанските борци им ја издава Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика по службена должност.

Член 5

Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика води евиденција за легитимациите издадени на шпанските борци.

Евиденцијата за издадените легитимации се води во вид на регистар, во кој се внесуваат следните податоци: број на легитимацијата, кому и кога му е [illegible] и број и датум на решението за утврдување на својството на шпански борец.

Член 6

Легитимацијата важи пет години од денот на издавањето и нејзиното важење не се заверува за одделни години.

Талоните на легитимацијата важат за секоја одделна година. Преку првата страна на талонот е повлечена широка коса линија во различна боја за секоја година.

Легитимацијата, по правило, се издава во декември тековната година за наредните пет години.

Член 7

Ако шпанскиот борец ја загуби легитимацијата, Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика ќе му издаде нова легитимација врз основа на доказ дека загубената легитимација е огласена за [illegible] „[illegible] ФРЈ".

Нова легитимација се издава и кога порано издадената легитимација ќе дотрае или ќе стане неупотреблива. Порано издадената легитимација се одзема.

Член 8

Ако шпанскиот борец умре, легитимацијата му се враќа на Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика, а ако семејството или поблиските роднини на умрениот или лицето што го закопало шпанскиот борец тоа не го стори во рок од 30 дена, Секретаријатот легитимацијата ќе ја огласи за неважечка.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1908/73
4 април 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална политика,
**Абдурахим Жури**, с. р.

(Прва страна на талонот на легитимацијата)

ВАЖИ ЗА 19—— ГОДИНА

СОЈУЗЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број на списокот
на корисникот ———— Број ————

ЛЕГИТИМАЦИЈА

за бесплатно и повластено возење на борците од Шпанската националноослободителна и революционерна војна од 1936 до 1939 година

Корисник ————————————

Важи со лична карта

(М.П.)

Сојузен секретар,
————

Забелешки:

1. Според одредбите на член 21 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), на шпанскиот борец му припаѓа, на средствата на јавниот сообраќај, правото на:

1) едно бесплатно патување годишно со железница (I класа), брод (I класа), автобус или авион (II класа);

2) четири патувања годишно со железница, брод, или автобус, со повластица од 75% од редовната возна цена;

3) две патувања годишно со авион, со повластица од 50% од редовната возна цена.

2. Како едно патување, се подразбира заминување од појдовното до упатното место (возење во заминување) и враќање од упатното во појдовното место или во некое друго место (возење во враќање), со употреба на едно или повеќе превозни средства.

3. Дупликат на загубена легитимација се издав ако претходно е огласена за неважечка во „Службен лист на СФРЈ"

4. Легитимацијата важи само во календарската година за која е издадена.

(Преку втората и третата внатрешна страна на талонот)

| Повластица од 75% | | |
|---|---|---|
| од ———— | до ———— | |
| преку: ———— | | |
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Аутобус |
| од ———— | до ———— | |
| преку: ———— | | |
| 2 | 2 | 2 |
| Железница | Брод | Аутобус |

(Прва половина од четвртата страна на талонот)

| Бесплатна карта | | | |
|---|---|---|---|
| од ———— | до ———— | | |
| преку: ———— | | | |
| 1 | 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Аутобус | Авион |
| од ———— | до ———— | | |
| преку: ———— | | | |
| 2 | 2 | 2 | 2 |
| Железница | Брод | Аутобус | Авион |

| Повластица од 50% за авион | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| од ———— | од ———— |
| до ———— | до ———— |
| Бр. на картата: | Бр. на картата: |
| 3 | 4 |
| од ———— | од ———— |
| до ———— | до ———— |
| Бр. на картата: | Бр. на картата: |

## 342.

Врз основа на член 56 став 1 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), во спогодба со сојузниот секретар за сообраќај и врски, сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ НА БЕСПЛАТНО И ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ

Член 1

Воените инвалиди и другите уживатели на правото што според Законот за воените инвалиди имаат право на бесплатно и повластено возење (во натамошниот текст: корисниците). го остваруваат тоа право на начин пропишан со овој правилник.

Член 2

При бесплатно возење со железница или брод можат да користат:

1) I класа на железница или брод — инвалиди од I до VI група во секој случај, а инвалиди од VII до X група — само ако патуваат на болничко лекување;

2) II класа на железница или брод — инвалиди од VII до X група и уживатели на семејна инвалиднина.

П и повл стено возење со железница или брод корисникот патува со онаа класа што ќе ја избере.

Придружникот од член 55 на Законот за воените инвалиди патува со иста класа со која патува корисникот кого што тој го придружува, а со II класа на железница или брод — ако патува сам.

Член 3

Ортопедската количка и другите ортопедски помагала се превезуваат бесплатно и со истото превозно средство со кое патува и воениот инвалид.

Член 4

Посмртните остатоци на корисникот што ќе умре надвор од местото на живеалиштето, на пат за здравствената организација на здружениот труд, во таа организација или на пат при враќање од организацијата во која бил упатен на лекување, ќе се превезат, на барање на семејството, бесплатно со товарен или патнички воз односно брод, во местото во кое ќе се изврши погребот.

Ако превозот на посмртните остатоци на корисникот се врши на релации или на дел на релација на која не постои можност за превоз со средствата на јавниот сообраќај од став 1 на овој член, на лицето што ќе го изврши таквиот превоз ќе му се признаат фактичните трошоци на превозот.

Бесплатен превоз во II класа на воз или брод односно со службена кола на товарен воз или со друго превозно средство со кое се превезуваат посмртните остатоци, користи и еден придружник на посмртните остатоци.

Член 5

Правото на бесплатно возење се користи врз основа на објавата за бесплатно возење на корисникот на правата според Законот за воените инвалиди (образец бр. 1).

Правото на бесплатен превоз на ортопедска количка или на други ортопедски помагала се користи врз основа на објавата за бесплатен превоз на ортопедска количка и на други ортопедски помагала според Законот за воените инвалиди (образец бр. 2).

Правото на бесплатен превоз на посмртните остатоци на корисникот се користи врз основа на објавата за бесплатен превоз на посмртните остатоци на корисникот на правата според Законот за воените инвалиди (образец бр. 3).

Член 6

Правото на повластено возење воените инвалиди го користат врз основа на книшка за повластено возење на воениот инвалид (образец бр. 4) — (во натамошниот текст: книшката).

Правото на повластено возење корисниците на семејна инвалиднина го користат врз основа на објавата за повластено возење на корисниците на семејна инвалиднина (образец бр. 5).

Обрасците бр. 1 до 5 се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел. Овие обрасци ќе се печатат како службено издание на Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Член 7

Книшката и објавите (обрасци бр. 1, 2, 4 и 5) ги издава, на барање на корисникот, надлежниот орган на управата на собранието на општината на чија територија корисникот има живеалиште.

Објавата за бесплатен превоз на посмртните остатоци на корисникот на правата според Законот за воените инвалиди (образец бр. 3) ја издава надлежниот орган на управата на собранието на општината на чија територија умрениот имал живеалиште односно на собранието на општината на чија територија корисникот умрел.

Ако корисникот се наоѓа надвор од своето живеалиште со објава на која и поминал рокот за враќање, објава за враќање ќе му издаде надлежниот орган на управата на собранието на општината на чија територија е неговото престојувалиште. врз основа на објавата на која и поминал рокот. Органот на управата што ќе ја издаде објавата за враќање ја задржува објавата на која и поминал рокот.

Член 8

Надлежниот општински орган на управата води евиденција за издадените книшки и објави.

Евиденцијата се води во вид на регистар, во кој се внесуваат следните податоци: број на книшката односно на објавата, кому и кога му е издадена, број на решението за признавање на инвалидското својство и назив на органот што го донесол тоа решение.

Надлежниот општински орган на управата е должен на крајот на годината да изврши попис на потрошените и непотрошените објави за бесплатно и повластено возење, како и попис на непотрошените книшки за повластено возење на воените инвалиди. Еден примерок од списокот општинскиот орган на управата ќе достави до надлежниот републички односно покраински орган.

Член 9

Издадената книшка важи пет години, а може да се употреби само во годината во која е издадена односно во годината за која е заверена. Надлежниот општински орган на управата го заверува важењето на книшката за наредната година, по правило, во декември тековната година.

Член 10

Ако воениот инвалид ја загуби книшката, надлежниот општински орган на управата ќе му издаде нова книшка врз основа на доказ дека загубената книшка е огласена за неважечка во „Службен лист на СФРЈ".

Нова книшка се издава и кога порано издадената книшка е дотраена или ќе стане неупотреблива. Порано издадената книшка се одзема.

Член 11

Воениот инвалид на кој ќе му престане својството на инвалид, е должен да му ја врати книшката на надлежниот општински орган на управата, а ако тоа не го стори во рок од 30 дена, органот ќе ја огласи книшката за неважечка.

Член 12

Обрасците на објавите за бесплатно и повластено возење што биле во употреба до денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се употребуваат до издавањето на новите обрасци на објавите.

Обрасците на книшките што биле во употреба до денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се употребуваат до издавањето на новите обрасци на книшките.

Член 13

Правата предвидени со овој правилник за воените инвалиди и за другите корисници ги користат и лицата што не се воени инвалиди ниту корисници на правата според Законот за воените инвалиди, а се повикани или упатени од надлежниот орган за признавање на правата според тој закон.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за остварување на правото на воените инвалиди од војните на бесплатно и повластено возење („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/64, 52/66 и 21/69).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1907/73
4 април 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална политика,
**Абдурахим Жури, с. р.**

**Образец бр. 1**

(Штембил на општинскиот орган што ја издава објавата) Серија ——— Број ———

ОБЈАВА

за бесплатно возење на корисникот на правата според Законот за воените инвалиди

Другарот—ката ———————————

од ———————————

(да се наведе местото на живеењето на корисникот)

кој патува како: воен инвалид, придружник на инвалид или на дете, корисник на инвалиднина или лице заради признавање на правата според Законот за воените инвалиди — има право на бесплатно возење со железница — автобус — брод, и тоа:

ВО ЗАМИНУВАЊЕ: од ——— до ———

преку ———

ВО ВРАЌАЊЕ: од ——— до ———

преку ———

Корисникот има право на ——— класа патнички — брз односно експресен воз или брод.

Корисникот патува заради ———————

Објавата се издава врз основа на решението за признаеното својство на ——— бр. ——— од ——— и важи со личната карта на корисникот.

Објавата важи 60 дена од денот на издавањето од страна на надлежниот општински орган на управата.

(М.П.)

Потпис на овластениот издавател,

——————— ———————

(место и датум на издавањето)

**Образец бр. 2**

(Штембил на општинскиот орган што ја издава објавата) Серија ——— Број ———

ОБЈАВА

за бесплатен превоз на ортопедска количка и други ортопедски помагала според Законот за воените инвалиди

1. Другарот-ката ———————
воен инвалид од ——— група има право на бесплатен превоз на ортопедска количка од ——— до ———

2. Другарот-ката ———————
воен инвалид од ——— група има право на бесплатен превоз на ортопедско помагало (да се наведе видот и називот на помагалото) ——— во тежина ——— kg.
од ——— до ———

Испраќач ———————

Примател ———————

(М.П.)

Потпис на овластениот издавател,

——————— ———————

(место и датум на издавањето)

**Образец бр. 3**

(Штембил на општинскиот орган што ја издава објавата) Серија ——— Број ———

ОБЈАВА

за бесплатен превоз на посмртните остатоци на корисникот на правата според Законот за воените инвалиди

Посмртните остатоци ——— на корисникот ———

——————— од ———

(да се наведе името и презимето)

кој умре на ——— 19——— година
во ——— се превезуваат бесплатно:
од ——— до ———

(М.П.)

Потпис на овластениот издавател,

——————— ———————

(место и датум на издавањето)

**Образец бр. 4**

(Прва страна на кориците)

КНИШКА

за повластено возење на воениот инвалид

(Втора страна на кориците)

(Фотографија на корисникот големина 4 × 6 cm)

———————

(своерачен потпис на корисникот)

(Прва внатрешна страна)

КНИШКА

за повластено возење на воен инвалид

(Втора внатрешна страна)

(На ова место се запишуваат евентуалните забелешки на општинскиот орган)

(Трета внатрешна страна)

Извод од Законот за воените инвалиди:

„Кога воен инвалид патува по приватна работа во внатрешниот сообраќај, има право на повластено возење, и тоа:

1) три патувања годишно со железница, автобус или брод — со повластица од 75% од редовната возна цена;

2) две патувања годишно со авион — со пов[illegible] 50% [illegible]д[illegible]д[illegible]вн[illegible]т[illegible] в[illegible]з[illegible] цена (член 53 точка 1).

(1) Како едно патување (член 53) се подразбира заминување од појдовното во упатното место (возење во заминување) и враќање од упатното во појдовното место или во некое друго место (возење во враќање).

(2) При возење во заминување и при возење во враќање, од појдовното до упатното место или обратно, можат да се користат превозни средства на сите гранки на сообраќајот (железница, брод, автобус и авион) (член 54).“

Забелешка: Книшката важи за календарската година за која е издадена. Важењето на книшката за наредната година го заверува општинскиот орган на управата надлежен за прашањата на борците и воените инвалиди. Пред започнатото патување мора со мастило или хемиски молив да се запише релацијата на патувањето и да ѝ се поднесе на жигосување на патничката благајна на појдовната станица. Книшката важи само со лична карта. Загубената книшка се огласува за неважечка во „Службен лист на СФРЈ“, а врз основа на огласот надлежниот општински орган на управата издава нова книшка.

---

(Преку четвртата и петтата внатрешна страна)

Број на книшката ——————

Книшка за повластено возење на воен инвалид со повластица од 75% од редовната возна цена на железница, брод и автобус и 50% на авион

(Само на четвртата внатрешна страна)

Важи од 1 јануари 197—— година

Име и презиме ——————————————

инвалид од ——— група ——————

Реден број на регистарот ——————

Собрание на општината ——————

—————————————— 197——

(место и датум на издавањето)

(Само на петтата внатрешна страна)

Важи до 31 декември 197—— година

(М.П.)

Потпис на раководителот на органот што ја издава книшката,

——————————

(Шеста внатрешна страна)

Важењето на книшката се продолжува за година:

| | | |
|---|---|---|
| М.П. | 197 | година |
| М.П. | 197 | година |
| М.П. | 197 | година |
| М.П. | 197 | година |

(Седма внатрешна страна)

Број на книшката ——————

од ——————

до ——————

преку ——————

Заминување во 197——

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |
| | Меѓустаница | |
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |
| | Меѓустаница | |
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |

(Осма внатрешна страна)

Број на книшката ——————

од ——————

до ——————

преку ——————

Враќање во 197——

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |
| | Меѓустаница | |
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |
| | Меѓустаница | |
| 1 | 1 | 1 |
| Железница | Брод | Автобус |

(Тринаесетта внатрешна страна)

Број на книшката ————

Заменување во 197 —— година

од ————————————

до ————————————

Авион Број на возната карта

Враќање во 197 —— година

од ————————————

до ————————————

Авион Број на возната карта

Забелешка:

На аналоген начин ќе бидат употребени следните внатрешни страни за второ и трето патување (со назначување: „2“ односно „3“ наместо „1“) со железница, брод, автобус и авион во годината во која книшката се издава и така редум за сите патувања уште во наредните четири години

(Третата и четвртата страна на кориците остануваат празни)

**Образец бр. 5**

(Штембил на општинскиот орган што ја издава објавата) Број ————

О Б Ј А В А

за повластено возење на корисниците на семејна инвалиднина

Име и презиме —————— од ————
улица —————— лична карта бр. ————
е уживател на семејна инвалиднина и има право на купување на возна исправа со повластица од 75% од редовната возна цена на железница, автобус или брод, и тоа:

— за возење во заминување од ————
до —————— преку ————
— за возење во враќање од ————
до —————— преку ————

Забелешка:

Објавата важи само со личната карта на лицето на кое гласи. При секое купување на возна исправа објавата мора на грбот да се жигоса со тркалезен жиг со датумот на благајната што ја издава возната исправа. Возната исправа може да се купи за целата релација или за делови на релацијата, и во тој случај можат да се користат едноподруго различни видови на сообраќајни средства. Започнатото возење во заминување и враќање мора да се заврши во рок од 30 дена. Како прв ден на рокот се смета денот на првото жигосување на објавата. Прекинување на патување е дозволено во рокот на важењето на исправата во неограничен број без заверување.

ЗАВЕРКА НА ПАТУВАЊЕ

| Возење во заминување | Возење во враќање |
|---|---|
| (Заверка на благајната на појдовното место при започнувањето на возењето) | (Заверка на благајната на појдовното место во враќање) |
| На ———— (жиг) | На ———— (жиг) |

Заверка на благајната на појдовното место при купувањето на возната исправа за одделни делови на релацијата по започнатото патување, при промена на видот на сообраќајното средство, како и при употреба на исто сообраќајно средство повеќе пати едноподруго, од појдовното до упатното место.

| | |
|---|---|
| На ——— од ——— (жиг) | На ——— од ——— (жиг) |
| На ——— од ——— (жиг) | На ——— од ——— (жиг) |

Објавата важи 60 дена од денот на издавањето од страна на надлежниот општински орган на управата.

(М.П.)

Потпис
на овластениот издавател,

———————— ————————
(место на издавањето и датум)

**343.**

Врз основа на член 78 став 4 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72), сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА РАБОТАТА НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат постапката и начинот на работата на лекарските комисии при давање наод и мислење за воениот инвалидитет, за телесното оштетување што повлекува право на ортопедски додаток, за распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и за неспособноста за стопанисување — во постапката за остварување на правата според Законот за воените инвалиди.

Член 2

Утврдувањето на воениот инвалидитет, на телесното оштетување што повлекува право на ортопедски додаток, распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и на неспособноста за стопанисување — во постапката за остварување на инвалидските права, се врши врз основа на прибавениот наод и мислење на лекарските комисии, и тоа на:

1) лекарската комисија од член 79 на Законот за воените инвалиди (во натамошниот текст: Законот), која им дава наод и мислење на органите што решаваат за инвалидските права во прв степен (во натамошниот текст: лекарската комисија во првостепена постапка);

2) лекарската комисија од член 80 на Законот, која им дава наод и мислење на органите што решаваат за инвалидските права во втор степен (во натамошниот текст: лекарската комисија во второстепена постапка).

Лекарските комисии работат според одредбите на Законот и прописите донесени врз основа на Законот.

Член 3

Лекарските комисии го даваат својот наод и мислење за процентот на воениот инвалидитет според начелата на медицинската наука, а во согласност со Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73).

Член 4

Лекарските комисии го даваат својот наод и мислење за телесното оштетување што повлекува право на ортопедски додаток врз основа на Листата на телесните оштетувања што повлекуваат право на ортопедски додаток, која е составен дел на Законот, а во согласност со Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет.

Член 5

Лекарските комисии го даваат својот наод и мислење за распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице што повлекува право на височината на додатокот за нега и помош од страна на друго лице (придружник) врз основа на Правилникот за медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и групата на воениот инвалидитет („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73).

Член 6

Лекарските комисии го даваат својот наод и мислење за неспособноста за стопанисување на членовите на семејството (чл. 25 и 30 од Законот) според начелата на медицинската наука, водејќи сметка за занимањето и годините на возраста на прегледаното лице и за другите околности важни за донесување на правилна одлука.

Член 7

Лекарските комисии го даваат својот наод и мислење само кога работат во полн состав.

Наодот и мислењето лекарските комисии го даваат со мнозинство гласови на своите членови.

Член на лекарската комисија кој не се согласува со мислењето на мнозинството го дава своето посебно мислење со образложение.

Член 8

Со решението за именувањето на членовите на лекарската комисија се именува еден од членовите за претседател на комисијата, како и потребен број заменици на членовите на комисијата.

Член 9

Со решението со кое во смисла на член 79 или член 80 од Законот се формира лекарската комисија, се одредува кој орган на управата ги врши административните и техничките работи на лекарската комисија.

Член 10

Лекарските комисии го даваат свој наод и мислење на обрасците бр. 1 и 2, што се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Наодот и мислењето на лекарските комисии треба да бидат целосни, јасни и доволно образложени и да ги содржат сите факти и околности што од медицинско становиште се од важност за донесување на правилна одлука. Кога воениот инвалидитет се утврдува по основ на болест, лекарските комисии треба што поцелосно да го образложат даденото мислење.

Член 11

Надоместокот за работата на лекарските комисии го утврдува републичкиот односно покраинскиот орган на управата.

Член 12

Лекарската комисија во првостепена постапка го дава својот наод и мислење на барање на органот на управата што решава за инвалидските права во прв степен, а лекарската комисија во второстепена постапка — на барање на органот на управата што решава за инвалидските права во втор степен.

Член 13

Лекарската комисија во првостепена постапка го дава својот наод и мислење за процентот на воениот инвалидитет, за телесното оштетување што повлекува право на ортопедски додаток, за распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и за неспособноста за стопанисување — врз основа на непосреден преглед на лицето и врз основа на медицинската и друга документација за фактите што се од влијание за утврдување на процентот на воениот инвалидитет, на телесното оштетување, на степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и за неспособноста за стопанисување.

Член 14

Лекарската комисија во првостепена постапка, по потреба, може да работи и надвор од постојаното седиште што и е одредено во смисла на член 79 став 2 од Законот.

Член 15

Лекарската комисија во второстепена постапка го дава својот наод и мислење, по правило, врз основа на непосреден преглед на лицето и врз основа на медицинската и друга документација прибавена во првостепената постапка. Оваа комисија својот наод и мислење може да го даде и без непосреден преглед на лицето, ако најде дека таков преглед не е потребен.

Лекарската комисија во второстепена постапка својот наод и мислење за распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група во степените на додатокот за нега и помош од страна на друго лице го дава по извршениот преглед на воениот инвалид.

Ако лекарската комисија во второстепена постапка најде дека документацијата на лекарската комисија во првостепена постапка е нецелосна, ќе го изврши непосредно потребното дополнување на медицинската документација.

Член 16

За лицето што се наоѓа на лекување во стационарна здравствена организација на здружениот труд, лекарските комисии можат да дадат свое мислење врз основа на наодот и извештајот (дијагноза, историја на болеста и сл.) од таа организација.

Член 17

Ако лицето што е повикано на преглед, за подолго време не е способно да патува, поради својата здравствена состојба, тоа може да биде прегледано, по предлог од општинскиот орган на управата надлежен за работите на борците и воените инвалиди, во својот стан. Прегледот го врши лекар — член на лекарската комисија. Во таков случај лекарските комисии својот наод и мислење го даваат врз осно-

ва на наодот и извештајот на лекарот — член на комисијата што го извршил прегледот.

Член 18

За лицето што се наоѓа во странство лекарската комисија го дава својот наод и мислење врз основа на прегледот, дијагнозата и извештајот на лекарот што е овластен да ги лекува работниците вработени во југословенски претставништва во странство или врз основа на медицинската документација на здравствената установа во која тоа се лекува.

Член 19

Ако лекарската комисија најде дека за давање наод и мислење е потребно лицето да биде прегледано во специјалистичка здравствена организација на здружениот труд или подложено на особено испитување, ќе го упати во соодветна здравствена организација на здружениот труд.

Член 20

Ако од лекарската комисија се бара наод и мислење во врска со утврдувањето на воениот инвалидитет или на телесното оштетување што повлекува право на ортопедски додаток, или со распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице, или во врска со утврдувањето на неспособноста за стопанисување како услов за признавање на правото на семејна инвалиднина, кон барањето се доставуваат и списите на предметот на лицето за чие право се решава.

Член 21

Својот наод лекарската комисија го назначува со медицински израз, а каде и да е можно тоа и со јазик на народите на Југославија.

Процентот на воениот инвалидитет се означува со број и со букви со наведување на соодветните одредби од Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет и од Листата на процентите на воениот инвалидитет која е составен дел на тоа упатство.

Ако е во прашање рана, повреда, озледа или болест а според мислењето на лекарската комисија процентот на оштетувањето не е доволен за признавање на воен инвалидитет, лекарската комисија означува дека инвалидитетот изнесува под 20%.

Член 22

При утврдувањето на телесното оштетување што повлекува право на ортопедски додаток, лекарската комисија го означува степенот на оштетувањето, со наведување на соодветната одредба од Листата на телесните оштетувања што повлекуваат право на ортопедски додаток.

Ако е во прашање телесно оштетување што не повлекува право на ортопедски додаток, во точка 7 на образецот бр. 1 лекарската комисија го дава следниот наод и мислење: „Телесното оштетување не повлекува право на ортопедски додаток".

Ако воениот инвалидитет настанал како последица на повеќе рани, повреди, озледи или болести, лекарската комисија постапува според точка 6 на Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет, со тоа што оштетувањето настанато како последица на болест го зема предвид за утврдување на степенот на ортопедскиот додаток само ако болеста предизвикала ампутација на екстремитети или целосна загуба на видот на двете очи.

Член 23

При распоредувањето на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице, лекарската комисија го означува степенот на додатокот со наведување на соодветната одредба од Правилникот за медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и групата на воениот инвалидитет со целосен опис на состојбата на телесното оштетување кое повлекува право на соодветен степен на додаток за нега и помош од страна на друго лице (точка 5 на образецот бр. 1).

Ако е во прашање телесно оштетување на инвалид од I до IV група кое не повлекува право на додаток за нега и помош од страна на друго лице, лекарската комисија е должна да го образложи својот наод и мислење со целосен опис на состојбата на телесното оштетување (точка 6 на образецот бр. 1).

Член 24

Наодот и мислењето на лекарската комисија му се соопштуваат на прегледаното лице веднаш по извршениот преглед, а еден примерок на наодот и мислењето му се доставува пред донесувањето на решението.

Член 25

Лекарските комисии водат лекарски дневник и список на прегледаните лица во кои ги внесуваат резултатите на прегледите.

Член 26

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за работата на лекарските комисии во постапката за остварување на инвалидските права според Законот за воените инвалиди од војните („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/63).

Член 27

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1909/73
4 април 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална
политика,
**Абдурахим Жури**, с. р.

**Образец бр. 1**
(Воен инвалидитет)

Лекарската комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за воените инвалиди

Во прворстепена / второстепена постапка

Број ——————
на —————— 197— година
Во ——————————

Број на инвалидскиот предмет ——————

Лекарската комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за воените инвалиди во првостепена-второстепена постапка го прегледа на —————— 197— година —————————— од ——————
(име и презиме)
Општина —————— СР —————— САП ——————
роден —————— лична карта број ——————
издадена во ——————, а врз основа на Правилникот за работата на лекарските комисии во постапката за остварување на правата според Законот за воените инвалиди, дава

НАОД И МИСЛЕЊЕ

Лекарската комисија утврди:

1) дека постојат следните РАНИ, ПОВРЕДИ, ОЗЛЕДИ, кои се ЗЕМААТ како основ за признавање на воениот инвалидитет: ——————————

2) дека постојат следните БОЛЕСТИ, кои се ЗЕМААТ како основ за признавање на воениот инвалидитет: ——————————

3) дека постојат следните РАНИ, ПОВРЕДИ, ОЗЛЕДИ, БОЛЕСТИ, кои НЕ СЕ ЗЕМААТ предвид за признавање на воениот инвалидитет: ——————————

4) дека воениот инвалидитет изнесува ————%
и со букви ——————————
ПОСТОЈАНО-ПРИВРЕМЕНО ДО ——————————

5) дека на именуваниот за редовен живот му е потребна нега и помош од страна на друго лице (оваа рубрика се пополнува кога е во прашање инвалид од I до IV група на кој инвалидското својство му е признаено според член 32 од Законот) од I — II — III степен (непотребното да се прецрта) според одредбите на Правилникот за медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди од I до IV група според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице и групата на воениот инвалидитет од причините (полн опис на состојбата на телесното оштетување кое повлекува право на дадениот степен на додатокот за нега и помош од страна на друго лице) ——————————

6) дека телесното оштетување на инвалидот од I до IV група не повлекува право на додаток за нега и помош од страна на друго лице, од причините (да се образложи со целосен опис состојбата на телесното оштетување) ——————————

7) дека напред означеното телесно оштетување може да се распореди во —————— степен на оштетување според точка ———— од Листата на телесните оштетувања што повлекуваат право на ортопедски додаток ——————————

8) дека телесното оштетување не повлекува право на ортопедски додаток ——————————

Членови на комисијата:

——————————

——————————

Претседател
на комисијата,
——————————

Горниот наод и мислење ми се соопштени на ——————————.

**Образец бр. 2**
(Неспособност за стопанисување)

Лекарската комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за воените инвалиди

Во ———— првостепена / второстепена постапка

Број ————
на ———— 197— година
Во ——————

Број на инвалидскиот предмет ————

Лекарската комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за воените инвалиди во првостепена—второстепена постапка го прегледа на ———— ———— 197—— година ——————
(име и презиме)

од ———— Општина ———— СР ————
САП ———— роден ———— лична карта број ———— издадена во ————, а врз основа на Правилникот за работата на лекарските комисии во постапката за остварување на правата според Законот за воените инвалиди, дава

НАОД И МИСЛЕЊЕ

1) НАОД: ——————————

2) МИСЛЕЊЕ: прегледаното лице е ———— за стопанисување.

Неспособноста е трајна — привремена до ———— ———— а потекува од пред ———— година.

Членови на комисијата:

——————————

——————————

Претседател
на комисијата,
——————————

Горниот наод и мислење ми се соопштени на ——————————.

**344.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „BAYERNKURIER"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Bayernkurier" број 12 од 24 март 1973 година, кој излегува на германски јазик во Минхен, СР Германија.

Бр. 650-1-22/96
10 април 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни
работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 63 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕЃУСЕБНИТЕ РАБОТНИ ОДНОСИ НА ТРГОВСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ЗВИЈЕЗДА" — ЗАГРЕБ

I. На иницијатива на Лотина Нада, работничка од Петриња, Уставниот суд на Југославија, со решени У бр. 205/72 од 8 ноември 1972 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 63 од Правилникот за меѓусебните работни односи на Трговското претпријатие „Звијезда", Загреб, од 11 јуни 1970 година.

Со одредбата на член 63 од Правилникот се овластува извршниот одбор на претпријатието да „може секогаш да изврши распоред на работникот од едно на друго работно место, ако со оглед на стручните и други работни способности работникот е попотребен и покорисен на друго работно место, ако е неопходно работникот да стапи на работно место кое не можело да се пополни со работник од соодветна стручност, ако распоредот на работникот

е потребен поради неусогласени односи во кругот на работното место од кој се врши распоредот и ако работникот не постигнува задоволителни резултати на работното место".

II. Оценувајќи ја уставноста и законитоста на наведениот член на Правилникот Уставниот суд на Југославија утврди дека тој член не е во согласност со Уставните амандмани XV и XXI и со Основниот закон за работните односи. Оваа несогласност се однесува на делот на нормата со која вршењето на правата од член 63 му се доверува на извршниот одбор на претпријатието и на делот на одредбата со која како основ за преместување и распоред на работникот се предвидуваат „неусогласени односи во кругот на работното место од кое се врши распоредот на работникот".

Според Уставниот амандман XV, одредена функција на управувањето работната заедница може да му довери на работничкиот совет или на друг соодветен орган на управувањето, а само одредени извршни функции на нему одговорни колегијални и индивидуални органи, што ги избира работничкиот совет. Според Уставниот амандман XXI уредувањето на меѓусебните односи во здружениот труд и одлучувањето за правата и должностите од тие односи е непосредно право на работниците на основната организација на здружениот труд. Ако вршењето на некои од тие права работната заедница не го пренесе на свој орган на управувањето таа ги врши самата Според тоа, за правата на работниците на кои основот и условот на трудот им е во здружениот труд не може да одлучува извршниот одбор на претпријатието, а овластувањето дадено на тој орган да ги врши таквите права е спротивно на Уставот.

Според член 32 од Основниот закон за работните односи распоредувањето на работникот внатре во работната организација е можно во случаите односно под условите и по постапката што се утврдени во општиот акт на работната организација, и тоа само ако работното место на кое работникот се преместува одговара на степенот на стручното образование од одредено занимање односно насока што работникот го има. Одредбата на член 63 од Правилникот за можноста за распоред и преместување на работникот на друго работно место по основ на „неусогласени односи во кругот на работното место", по оцена на Уставниот суд не е во согласност со наведената законска одредба. Основниот закон во таа одредба ги има предвид објективните потреби и околности со кои треба да се раководи работната заедница при донесувањето на одлука за распоредување на работникот од едно на друго работно место (интерес на подобрата организација на трудот и на работењето на претпријатието, унапредување на производството и сл.). Распоредувањето на работникот врз основа на оспорената одредба на Правилникот, не дава гаранција за почитување на тој законски принцип. Таквото распоредување на работникот отвора можност за субјективни оцени за потребата на распоредувањето и за самоволно и арбитрарно одлучување за преместувањето и распоредот на поединци, што доведува до повреда на правата на работникот утврдени во законот.

III. Од изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 и член 247 од Уставот на СФРЈ, по одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Спротивно е на Уставот да одлучува за правата, должностите и обврските на работниците од работните односи извршниот одбор на претпријатието или друг колегијален извршен орган. За тие прашања можат да одлучуваат единствено работниците во работната заедница непосредно и преку работничкиот совет или на него соодветен орган на управувањето.

Спротивно на законот е распоредувањето на работникот од едно на друго работно место поради „неусогласени односи во кругот на работното место од кое се врши распоредот на работникот".

2. Се поништува член 63 на Правилникот за меѓусебните работни односи на Трговското претпријатие „Звијезда", Загреб, од 11 јуни 1970 година.

3. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ" и на огласната табла на Трговското претпријатие „Звијезда" — Загреб.

IV. Уставниот суд на Југославија оваа одлука ја донесе во состав: претседавач судија Димо Кантарџиски и судии Иван Божичевиќ, д-р Борислав Благоевиќ, Радојка Катиќ, Ѓуро Меденица, д-р Стане Павлич, Ненад Петровиќ, Боривое Ромиќ, д-р Иво Сунариќ, Таип Таипи и Јоже Земљак.

У бр. 205/72
15 февруари 1973 година
Белград

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на Југославија
судија,
**Димо Кантарџиски**, с. р.

---

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 72 ТОЧКА 29 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ НА ПРИЗРЕНСКАТА ИНДУСТРИЈА НА ТЕКСТИЛ „ПРИНТЕКС", ПРИЗРЕН

I. На предлог на Одделението за општествени служби на Собранието на општината Призрен, Уставниот суд на Југославија со решение У бр. 216/72 од 31 октомври 1972 година поведе постапка за оценување на законитоста на член 72 точка 29 на Правилникот за работните односи на призренската индустрија на текстил „Принтекс", Призрен од 18 мај 1970 година.

Со одредбата на член 72 точка 29 на Правилникот е пропишано дека како потешка повреда на работната должност се смета „бесправно уселување во станови на работната организација".

II. Оценувајќи ја законитоста на наведената одредба на Правилникот, Уставниот суд на Југославија утврди дека таа одредба не е во согласност со одредбите на чл 12, 89 и 91 на Основниот закон за работните односи.

Според член 89 став 1 на Основниот закон за работните односи, работната заедница, заради обезбедување на остварувањето на работните и деловните задачи на работната организација и за остварување на правата на работниците по основ на трудот, со својот општ акт ги одредува должностите и одговорностите на работниците при работата и во врска со работата, што се смета како повреда на работната должност, мерките што се применуваат спрема работникот поради повреда на работната должност, како и органите за поведување и водење на постапката и за изрекување на мерки. Поради повреди на работната должност работната заедница, според член 91 на тој закон, може да изрече одредени мерки, а мерката исклучување од работната заедница може да ја изрече само поради потешка повреда на работната должност.

Бесправното уселување на работниците во станови на организацијата на здружениот труд, според оцената на Уставниот суд на Југославија, не претставува повреда на работната должност во смисла на наведената законска дефиниција на работната должност на работникот. Тоа затоа што обносувањето на работникот врзано за неговото бесправно уселување во стан на организацијата на здружениот труд не е во непосредна врска со неговите работни должности, ниту тоа, во смисла на член 12 на тој закон, би можело да се земе како негова општа и посебна должност што ја има на своето работно место. Таквото обносување на работникот може и треба да биде регулирано со други самоуправни акти на организацијата на здружениот труд (на пример, со правилникот за распределба на станови и др.). Нашето важечко станбено законодавство, со своите прописи за забрана на бесправно уселување, на организациите на здружениот труд им дава доволна заштита од бесправно уселување, без оглед на тоа кој во нејзин стан бесправно ќе се усели.

III. Од изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 и член 247 од Уставот на СФРЈ, по одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Спротивни се на Основниот закон за работните односи одредбите на општите акти на организациите на здружениот труд со кои бесправното уселување на работниците во станови на организацијата на здружениот труд се утврдува како повреда на работната должност.

2. Се поништува одредбата на член 72 точка 29 на Правилникот за работните односи на призренската индустрија на текстил „Принтекс“ — Призрен, од 18 мај 1970 година.

3. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ“ и на огласната табла на призренската индустрија на текстил „Принтекс“, Призрен.

IV. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседавач судија Таип Таипи и судии д-р Борислав Благоевиќ, Иван Божичевиќ, Димо Кантарџиски, Радојка Катиќ, Ѓуро Меденица, д-р Стане Павлич, Ненад Петровиќ, Боривое Ромиќ, д-р Иво Сунариќ и Јоже Земљак.

У бр 216/72
15 февруари 1973 година
Белград

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на
Југославија
судија,
**Таип Таипи**, с. р.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 26 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71 и 54/71), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. За потсекретар во Сојузниот извршен совет се назначува Кадир Алијагиќ, досегашен помошник-сојузен секретар во Сојузниот извршен совет.

2. За потребите на потпретседателот на Сојузниот извршен совет задолжен за стопанството именуваниот ќе работи на подготвувањето и организацијата на работите од областа на општествено-економската политика и на стопанскиот систем.

Б. бр. 19
14 март 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

Врз основа на член 16 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71 и 54/71), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК-СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За помошник секретар на Сојузниот извршен совет се назначува Ивица Чачиќ, досегашен помошник-сојузен секретар за внатрешни работи.

Б. бр. 26
28 март 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

Врз основа на член 70 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 7/65), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ ЛИЧНИ ПРИМАЊА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА НИВО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Се формира Комисија за подготвување и спроведување на општествениот договор за усогласување на надоместокот на личните доходи и другите лични примања на функционерите во органите на федерацијата и на функционерите во општествено-политичките и други организации и здруженија на ниво на федерацијата.

2. За претседател и членови на Комисијата се именуваат, и тоа:

за претседател:

Вратуша д-р Антон, потпретседател на Сојузниот извршен совет;

за членови:

1) Бобот Рајко, секретар на Претседателството на Советот на ССЈ;

2) Божиќ Јоже, член на Секретаријатот на Претседателството на СК ССРНЈ;

3) Храст Фридерик, генерален секретар на Стручната служба на Претседателството на СКЈ;

4) Келемен Маќаш, член на Претседателството на СФРЈ;

5) Максимовиќ Драгиша, претседател на Административната комисија на Сојузната скупштина;

6) Тиквицки Геза, член на Сојузниот извршен совет;

7) Задник Густав, генерален секретар на Стопанската комора на Југославија.

3. Стручните и другите работи за потребите на Комисијата ги врши Управата за персонални работи на Сојузниот извршен совет.

Б. бр. 24
14 март 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 70 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА НИВО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Се формира Комисија за подготвување и спроведување на општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и на личните доходи на работниците во органите на федерацијата и на работниците во општествено-политичките и други организации и во здруженијата на ниво на федерацијата.

2. За претседател и членови на Комисијата се именуваат, и тоа:

за претседател:

Тиквицки Геза, член на Сојузниот извршен совет;

за членови:

1) Атељевиќ Милан, секретар на Секцијата за политички систем на Сојузната конференција на ССРНЈ;

2) Григоров Драгица, раководител на Стручната служба на Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија;

3) Јоновски Милан, помошник — генерален секретар на Сојузната скупштина;

4) Клемен Антон, помошник-секретар на Сојузниот извршен совет;

5) Клисински Ангел, помошник-генерален секретар на Претседателството на СФРЈ;

6) Љубоевиќ Душан, началник на Одделението за организационо-кадровски работи на Сојузниот секретаријат за финансии;

7) Периќ Ѓуро, началник на Управата за кадри и организација на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи;

8) Периќ Момчило, секретар на Секретаријатот за општи работи на Стопанската комора на Југославија;

9) Поповиќ Бошко, помошник-генерален секретар на Стручната служба на Претседателството на СКЈ;

10) Поповиќ д-р Видак, како претставник на Постојаната конференција на синдикалните организации на сојузните органи на управата;

11) Симоновски Живко, помошник-сојузен секретар за труд и социјална политика.

3. Стручните и другите работи за потребите на Комисијата ги врши Сојузниот секретаријат за правосудни и општи управни работи.

Б. бр. 25
14 март 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 337. | Решение за одредување на сезонски гранични премини за меѓународен сообраќај | 813 |
| 338. | Правилник за височината и начинот на исплатувањето на паушалниот надоместок на трошоците за поправка на моторно возило, за рокот на траењето и за обемот на осигурувањето на возилото — — — — | 813 |
| 339. | Правилник за користење на бесплатно и повластено возење на носителите на „Партизанска споменица 1941" — — — — | 814 |
| 340. | Правилник за користење на бесплатно и повластено возење на лицата одликувани со Орден на народен херој — — — — | 815 |
| 341. | Правилник за користење на бесплатно и повластено возење на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година — — | 817 |
| 342. | Правилник за остварување на правото на воените инвалиди на бесплатно и повластено возење — — — — — — — — | 818 |
| 343. | Правилник за работата на лекарските комисии во постапката за остварување на правата според Законот за воените инвалиди — — — — — — — — — | 822 |
| 344. | Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „BayernKurier" — | 825 |
| | Одлука за оцена на уставноста и законитоста на член 63 од Правилникот за меѓусебните работни односи на Трговското претпријатие „Звијезда" — Загреб — — — — — — | 825 |
| | Одлука за оцена на законитоста на член 72 точка 29 на Правилникот за работните односи на призренската индустрија на текстил „Принтекс", Призрен — — — — | 826 |
| | Назначувања и разрешувања — — — — — | 827 |


**Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија, бр. 413-55/72-03 од 15 август 1972 година**

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Белградски графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**